МАКЕДОНИЈА

ЗНМ: Јавните институции мора да обезбедат еднаков пристап за сите медиуми

Објавено пред **3 месеци** - 8 мај, 2026
Од **Е. Т.** / **Макфакс**

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) реагира со осуда поради селективниот пристап на државната компанија МЕПСО при организирањето брифинг за медиуми, на кој не бил поканет медиумот ПорталиХ, иако токму оваа редакција претходно објави серија истражувачки стории поврзани со темите за кои се дискутирало на настанот.

„Сметаме дека ваквата практика претставува сериозно нарушување на принципите на транспарентност, еднаков третман на медиумите и правото на јавноста да биде неселективно информирана.

Недозволиво е јавни институции и државни компании да прават селекција на „подобни“ и „неподобни“ медиуми, особено кога станува збор за редакции што критички известуваат за прашања од јавен интерес.

Брифинзите и комуникацијата со медиумите не смеат да се користат како механизам за фаворизирање или исклучување на одредени редакции.

Дневен хороскоп
на страната на Ра

Институциите имаат обврска да обезбедат еднаков и недискриминаторски пристап за сите медиуми, без оглед на нивната уредувачка политика или критичкиот однос кон носителите на јавни функции.

Бараме одговорност и јавно објаснување од страна на МЕПСО за причините поради кои ПорталиХ не бил поканет на брифингот, како и јасна гаранција дека ваквата пракса нема да се повторува во иднина.

Апелираме дека во демократско општество, транспарентноста не смее да биде селективна, а критичкото новинарство не смее да биде причина за исклучување од јавни настани и комуникација со институциите“, велат од ЗНМ.

Post

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ: #ЗНМ #МЕПСО

ПРЕТХОДНО
Утре пороен дожд, грмежи и засилен северен ветер низ земјата

СЛЕДНО
Времето денеска ќе биде променливо облачно со локален пороен дожд и грмежи

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...



ЗНМ: ОЈО и Судскиот совет итно да утврдат одговорност за неизвршена одлука за заштита на новинарка



ЗНМ го осудува попречувањето на работата на снимателот на ТВ Тера и бара итно постапување од МВР и обвинителството

Извештај на ЗНМ: Онлајн нападите, економската несигурност и неказнивоста остануваат закана за новинарите

СОО
ЕУ р за н дод оста

ТОП
Уап пре сле

ЗАБ
25 г прв не с

СПО
Гакп Тоте

СВЕТ
Бри дек сов изм

СПО
Сузу

МАК
И ос уни прв изв

МАК
„ДП Зак студ ошт вел

СПО
Маг Раш сме

Copyright © 2026 - Member of IAB Macedonia

Member of Clip Media Group